УДК: 94:[33:304(497.7)"1873/1890"

Дамјан Бужаровски
професор по историја
damjanbuzarovski@yahoo.com

# ВЛИЈАНИЕТО И ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ДОЛГАТА ДЕПРЕСИЈА (1873-1890-ТИТЕ) ВРЗ ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА

*Апстракт.* – Периодот почнувајќи од 1873 година, па сè до 1890-тите години помеѓу економистите и економските историчари е познат како Голема или Долга депресија. Во 1873 година после економски бум кој траел неколку години, финансиска паника се случила во Њујорк и Виена, која бргу се проширила низ повеќето индустријални или нации во процесот на индустријализација. Оваа економска криза може да се каже дека била една од најголемите дотогаш, проширувајќи се во повеќето држави низ светот. Таа лесно се пренела и врз Османлиската Империја, која била задолжена на западните кредитни пазари, но имала и друга економска интеракција со нив, како надворешно трговска размена и сл. Во овој труд ќе го разгледаме влијанието на Долгата депресија врз османлиска Македонија и какви последици оставила.

*Клучни зборови.* – дефлација, трговија, пад, цени, востанија.

Една од последиците од интеграцијата на интернационалната економија предизвикана од слободната трговија била синхронизација на ценовните движења преку националните граници. Во прединдустријалните економии, наглите флукатции на цените биле генерално гледано локални или регионални, предизвикани главно од природни непогоди како суши, поплави и слично, кои негативно дејствувале на жетвата. Со зголемената индустријализација и меѓународна трговија, флуктациите станале многу почести, циклични и се пренесувале од држава на држава

преку комерцијалните врски, а цикличната природа на движењата станала поизразена како прогресирал XIX век.[1]

Периодот почнувајќи од 1873 година, па сè до 1890-тите години помеѓу економистите и економските историчари е познат како Голема или Долга депресија. Долгата депресија претставува широко распространета ценовна и економска рецесија. Во периодот откако настанала оваа економска криза била позната како Големата депресија, сè до 1930-тите години кога започнала да се нарекува Долгата депресија, а името Големата депресија го зела кризата која започнала во 1929 година. [2] Сепак во литературата, особено во постарата сè уште оваа криза можеме да ја сретнеме и како Големата депресија.

Во 1873 година после бум кој траел неколку години, финансиска паника се случила во Њујорк и Виена, која бргу се проширила низ повеќето индустријални или или нации во процесот на индустријализација Овој пад кој се случил во 1873 година, траел се до 1890-тите години.[3] Во САД нагорното движење во економијата дошло до нагло запирање кон крајот на летото 1873 година, кога банкарската заедница открила дека била достигната точка на заситување во флотацијата на хартиите од вредност и дека железничкиот систем бил преизграден.[4] Самата криза во САД започнала на 18 септември со банкротот на тогаш познатата фирма Jay Cooke &Co. која претерано се раширила инвестирајќи на Северно пацифичката железница. Наредниот ден, 19 други фирми пропаднале, цените на хартиите од вредност вртоглаво паѓале и колабрирале, а Њујоршката берза била затворена на 20 септември. Биле суспендирани плаќањата, а кредит било тешко или невозможно да се добие.[5]

Во Европа, поточно на Виенската берза уште пред да се случи крахот на берзата во САД, имало веќе една предизвикана паника, која се проширила во Германија и во помал обем во Франција и Англија. Меѓутоа со почетокот на кризата во САД, во Европа повторно имало големи реакции, паника се јавила во Виена и Берлин, а Банката на Англија ја покачила дисконтната стапка на 9%.[6]

---

[1] Cameron 1989, 278.

[2] Ibid, 279.

[3] Ibid.

[4] Wells 1937, 238.

[5] Ibid.

[6] Ibid, 239.

Долгата депресија била најверојатно најтешка и најраспространета депресија на индустриската ера до тогаш.[7] Таа била тренд од светски размери кој и покрај острите национални, регионални и локални разлики, се покажал во своите фудаментални тенденции, а исто така и во многу од неговите посебни карактеристики се забележува далекусежен степен на единство. Инициран во некои земји, пред сè Австрија, Германија и САД со крах и паники и „драматични" кризи, а во други, како на пример во Англија и Франција, со поблаги форми на рецесија, оваа депресија не била придружена со економска ретрогресија или со спектакуларен крах. Напротив вкупното производство, комерцијалниот промет и националното богатство продолжиле да се зголемуваат, иако со значително помала стапка на раст, отколку помеѓу трендот на просперитет во периодите 1849-73 и 1897-1914 година.[8]

## ДВИЖЕЊЕ НА ЦЕНИТЕ И ЗЕМЈОДЕЛСКОТО ПРОИЗВОДСТВО ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА

Иако постоела депресија, светското производство од стагнација, продолжило да расте. Особено некои гранки како производството на железо. Во периодот помеѓу 1870 и 1890 година во главните пет држави произведувачи на железо производството пораснало за повеќе од двојно, производството на челик се зголемило 20 кратно, а и меѓународната трговија продолжила да расте, но не така брзо како во периодот пред кризата.[9] Меѓутоа она што загрижувало била пролонгираната депресија на цените, на каматите и на профитот, односно не бил проблем продуктивноста, туку профитабилноста.[10] Италијанскиот конзул во Солун во 1879 година забележува дека било забележително постојаното опаѓање на цените што ги погодиле поголемиот дел од главните увозни артикли како предивата, шеќерот, кафето, петролот, металите, кои предизвикале доста големи загуби на увозните трговци.[11]

Најголеми последици од Долгата депресија се чувствувале во земјоделството, а некои гранки од него биле најдепресираните сектори во економијата. Последиците за земјоделството и за европските држави

---

[7] Cameron 1989, 279.
[8] Rosenberg 1943, 59.
[9] Hobsbawm 1989, 35.
[10] Ibid, 36.
[11] Матковски и Ангелакова 1974, 226.

и за прекуморски ориентираните извозни економии биле драматични. Цената на пченицата во 1894 година била малку повеќе од третина во споредба со 1867 година. [12] Светските цени на пченицата паднале за повеќе од 60% во периодот помеѓу 1873 и 1894 година.[13] Како резултат на тоа во периодот од 1879 до 1894 година се појавиле револти на селаните во Ирска, Шпанија, Сицилија и Романија.[14]

Светскиот пад на цените на пченицата, како што заклучува Памук било едно од неповолните движења, кое имало големо влијание на османлиската економија и финансии.[15] Како резултат очевидно на падот на цените на пченицата, османлискиот извоз на пченица се намалил рапидно.[16] Имајќи предвид дека населението во османлиска Македонија во најголем степен се занимавало со земјоделство (близу 80% од македонското население се занимавало со земјоделство)[17], падот на цените оставил силен ефект. Со оглед на фактот што житата биле главен производ и најважниот артикл за извоз од османлиска Македонија,[18] особено падот на цената на житата секако дека ги погодил селаните во османлиска Македонија.

Но ситуацијата во Македонија и Балканот во 1874 и 1875 година била уште посложена и покомплексна. Имено овие години едно по друго биле неродни и имало лоша реколта. Тоа предизвикало глад во многу македонски села и градови, особено во Скопскиот, Солунскиот и Драмскиот санџак, како и голем помор на добитокот. Од еден современик во тој период е забележано дека откако било исползувано дури и семето за сеење како храна за луѓето и откако не останало повеќе ништо за јадење, селаните во шест штипски села во март 1875 година тргнале кај скопскиот мутесариф да бараат да ги снабди со жито, заплашувајќи го дека ако не им обезбедел тој, тие самите ќе го земеле со сила онаму каде што ќе го нашле.[19] Ситуацијата со слабите жетви била карактеристична за целиот Балкан во овие години. Имено и во Босна и Херцеговина, местото каде ќе започне Големата источна криза со востанието во 1875 година, била погодена од слаба жетва во 1874 година. Исто така зимата била мошне

[12] Hobsbawm 1989, 36.
[13] Pamuk 1984, 112.
[14] Hobsbawm 1989, 36.
[15] Pamuk 1984, 111.
[16] Ibid, 112.
[17] Димески 1979, 95.
[18] Бѣлѣжки за търговията и индустрията на Македония 1895, 91.
[19] Историја на Македонскиот народ книга втора 1969, 79.

оштра со што се влошила и така очајната состојба на населението. Покрај житото во Босна започнало да скапува и грозјето, кое било важен производ за херцеговските селани, кои заради карстниот амбиент не можеле да одгледуваат жито во големи количини.[20] Селаните во Босна и Херцеговина плашејќи сè дека ќе немаат што да продадат, дури започнале со продажба на тоа што го имале, уште пред да дојдат османлиските собирачи на данок, кои според правилото први доаѓале во селата и собирале тоа што им одговарало. Некои селани неможејќи да го платат данокот, започнале да пребегнуваат во Црна Гора, а постепено започнале и мали судири помеѓу селаните и османлиската војска поврзани со тешката економска состојба на населението.[21]

Ситуацијата во османлиска Македонија уште повеќе се влошила во 1879 година. Британскиот генерален конзул Блант во својот извештај од 1882 година пишува дека „жетвата во 1879 година била најлоша и со најмали приноси што провинцијата Македонија ја имала уште од 1860 година. Поради целосниот крах на житариците, во внатрешните области недостигот од храна почна да се граничи со општа глад, а цените на материјалите за производство на леб скокнаа толку високо што локалните трговци со житарици увезуваат жито и брашно однадвор“.[22] Житото било увезувано директно од дунавските и црноморските пристаништа, како и од САД.[23]

Слабата жетва предизвикала најголемо страдање кај фармерите и земјоделците, како и кај работните класи воопшто, и штетно влијаела врз трговскиот просперитет на солунското пристаниште. Многу земјопоседници морале да ги заложат своите имоти, а селаните и фармерите во внатрешноста, особено во областите на санџаците Солун, Серез и Драма морале да бидат помагани од провинциските власти со набавки на жито и семе.[24] Тешката положба во османлиска Македонија продолжила и во 1880 година. Во една дописка од Солун од февруари 1880 година е запишано:

Во целиот Серски санџак, особено во Неврокопско, владеела голема сиромаштија. Мнозина умреле од глад, а други јаделе земја мешана

[20] Јовановски 2015,143.

[21] Ibid.

[22] Ѓоргиев (ed.) 2003, 560.

[23] Ibid, 561.

[24] Ibid.

со малку брашно. 'Ржаното брашно се продавало 1 ока за 6 гроша, а 4 гроша пченкарното.[25]

Со слабите жетви во османлиска Македонија состојбата дополнително се комплицирала. Така покрај општиот пад во економијата за време на Долгата депресија, во османлиска Македонија, во поедини години имаме дополнително уште повеќе влошена ситуација поради слабите жетви. Недостигот на жито предизвикувал раст на цената на овој производ, а истовремено уште поголем пад на трговијата. На тој начин османлиска Македонија во овие години со слаби жетви не се наоѓала само во состојба на економска депресија, туку таа била во стагфлација, поради растот на цените на основните производи за живот. Меѓутоа стагфлацијата била само повремена во овој период од две десетлетија.

Самите цени на житото продолжиле да варираат во целиот период до 1890-тите години. Некои години можело да дојде до одредено нивно покачување и подобрување на состојбата, за потоа тие повторно да паднат. Така на пример во периодот 1890-1892 година имало подобрување на цените, за да во 1893 година дојде до повторен голем пад на цените на стоките, а особено на житото.[26] Падот на просечната цена на пченицата (мека, црвена, бела и тврда пченица) во 1893 година во споредба со 1891 година изнесувал дури 35,%.[27] Во извештајот на Кармело Мелиа од 1894 година пишува дека тогашните цени биле толку ниски, што македонските производители покривајќи ги трошоците за обработка и транспорт не добивале речиси никаков профит за стоката.[28]

Големи последици врз османлиска Македонија оставил и падот на цената на сировиот опиум. Во периодот на 1880-тите години[29] е забележлив константен пад на цената на опиумот.[30] Само од 1885 до 1886 година просечната цена за еден килограм сиров опиум се намалила за

---

[25] Ноневъ 1942, 402.

[26] Бѣлѣжки за търговията и индустрията на Македония 1895, 90.

[27] Пресметките се направени врз основа на податоците од Бѣлѣжки за търговията и индустрията на Македония 1895, 93.

[28] Бѣлѣжки за търговията и индустрията на Македония 1895, 94. Авторот на извештајот смета дека падот на цените се должел на силната конкуренција на Америка, Австрија и Русија. Сепак како што кажавме погоре, тоа бил еден светски надолен тренд кој сѐ должел на економската криза која го зафатила светот.

[29] За претходните години не располагаме со податоци за цената на чинење на опиумот за да утврдиме дали во целиот тој период цената константно паѓала или паѓањето започнало во 1880-тите години.

[30] Бужаровски 2022, 114.

28%. Во истиот период има и забележителен пад на извозот на сиров опиум од Македонија.[31] Со оглед на фактот дека афионот бил уште една многу значајна земјоделска култура за османлиска Македонија (носел четири пати поголема добивка од пченицата), и во една статија од 1885 година е наведено дека „производството на опиум во Македонија е еден од главните ресурси на таа држава",[32] падот на цената исто така оставил големи последици.

## ФИНАНСИИТЕ НА ОСМАНЛИСКАТА ИМПЕРИЈА

Османлиската Империја сè до 1854 година не можела да зема кредити и да се задолжува кај земјите од Западна Европа и покрај нејзините упорни настојувања. Но од таа година и било одобрено надворешно задолжување на државата, земјаќи го првиот надворешен кредит во вредност од 3.000.000 милиони фунти (сегашна вредност 253.341.673 фунти) од Англија.[33] На овој начин Османлиската држава започнала да потпаѓа во сè поголема економска и политичка зависност кај западните држави.[34]

И приливите на средства во Османлиската Империја поради позајмувањето на европските финансиски пазари и вкупните отплати на долговите нагло ескалирале во периодот од 1854-1864 година до 1865-1874 година. Со прифаќањто на се понеповолни услови, државата продолжувала да се задолжува за да ги покрие брзо растечките отплати за долгот и екстравагантните расходи.[35] Треба да се истакне дека средствата од кредитите не служеле за подигање на стопанството во државата, туку за покривање на буџетските дефицити, воени расходи и други слични потреби.[36] Во 1853 година приходите на империјата изнесувале 7.510.000 турски лири (сегашна вредност 660.758.584 фунти), а исто толку изнесувале и расходите. Веќе во 1860 година пораснал и буџетскиот дефицит, па така приходите изнесувале 12.094.000 турски лири (сегашна вредност 1.018.309.661 фунти), а расходите 19.456.000 турски лири (сегашна вредност 1.638.187.026 фунти), додека пак во 1874-1875 година приходите изне-

[31] Ibid, 111-113.

[32] Clarke 1885, 926.

[33] Димески 1979, 84.

[34] Лапе 1976, 10.

[35] Pamuk 1984, 112-114.

[36] Зографски 1974, 7.

сувале 22.523.000 турски лири (сегашна вредност 1.763.677.164 фунти), а расходите 22.930.000 турски лири (сегашна вредност 1.795.547.546 фунти).[37] Иако како што може да се забележи, последните годни пред банкротот буџетскиот дефицит бил мал, сепак забележителен е еден друг момент. За период 21-22 години приходите на Османлиската Империја пораснале за 199,9%, но и расходите пораснале за 205.32%. Голем процент од порастот на овие приходи и расходи секако се должел на се поголемот задолжување на државата на странските финансиски пазари. Во 1875 година државниот долг на Османлиската Империја достигнал сума од 5.297.676.500 франци (сегашна вредност 18.520.884.243 фунти).[38]

Колапсот на османлиските државни финансии бил неизбежен и дошол уште со крахот на светските берзи во 1873 година. Со прекинот на извоз на капитал од индустриски развиените земји, брзо следело и неисполнување на обврските. Плаќањето на државниот долг било намалено на половина во октомври 1875 година.[39] Ваквата одлука предизвикала депрецијација на лирата до 30%.[40] Во 1876 година исплаќањето на кредитот било целосно прекинато.[41] Со тоа Османлиската Империја прогласила банкрот. Банкротот и тешката економска ситуација во која се нашла Османлиската империја резултирала со формирање на Османлиска управа за јавниот долг во 1881 година со т.н. Мухаремски декрет. Оваа управа била составена од странските крдитори и го контролирала целокупниот османлиски финансиски ситем.[42] Благодарејќи на оваа управа долгот во декември 1881 година бил намален од 191.000.000 фунти (сегашна вредност 17.690.331.459 фунти) на 106.000.000 фунти (сегашна вредност 9.817.670.862 фунти).[43]

Уште пред Османлиската Империја да банкротира таа се обидела преку зголемување на даноците да ги зголеми приходите. Десетокот кој во 1856 година се земал само од некои земјоделски продукти, во 60-тите

---

[37] Лапе 1976, 14.

[38] Зографски 1974, 7. Кај Абдиоглу наоѓаме податок дека јавниот долг на Османлиската Империја изнесувал 210.000.000 фунти (Abdioğlu 2018, 10) или во сегашна вредност 18.457.750.475 фунти, додека кај Столц дека Османлискиот надворешен долг изнесувал 214.500.000 фунти (Stolz 2022, 478) или во сегашна вредност 18.853.273.700 фунти.

[39] Pamuk 1984, 114.

[40] Димески 1979, 87.

[41] Pamuk 1984, 114; Димески 1979, 87.

[42] Pamuk 1984, 114; Димески 1979, 87.

[43] Abdioğlu 2018, 2.

и 70-тите години се раширил на сите земјоделски продукти, но и се зголемил.[44] Во 1874 година тој бил зголемен за 25%.[45] Во 1873 година бил воведен монопол на тутунот и солта и истовремено била покачена цената на овие производи. Владата ги прогласила сите тапии на недвижните имоти за невалдини и наложила издавање на нови само за да дојде до нови приходи.[46] Понатаму данокот за ослободување од војска со кој бил задолжен секој рајатин се покачил од 29 на 39 гроша (сегашна вредност од 22 фунти на 29 фунти). Во 1875 година, една година пред банкротот, сите селани кои дотогаш плаќале два дела од данокот вергија, требало да го платат и третиот дел, кој дотогаш бил само за градските занаетчии и трговци. Данокот на ситен добиток бил зголемен од 1,5 на 3,5 гроша (сегашна вредност 1,12 фунти на 2,63 фунти), а двојно биле зголемени таксите на вино и биле воведени нови даноци од 2,5% во форма на ресумат на оние селани што во град носеле да продаваат волна, масло и сирење. Биле воведени и нови такси за тутунот, сечењето дрва, колењето добиток во градските кланици и сл.[47] Сè одело и кон тоа натуралните давачки да бидат претворани во парични даноци.[48] Се ова било правено поради опасноста од банкрот кој и се заканувал на Империјата, и која се зголемила поради Долгата депресија, но како резултат на кризата банкротот бил речиси незибежен. Од друга страна новите даноци дополнително ја влошиле веќе лошата економска и социјална положба на населението не само во османлиска Македонија, туку и пошироко во Империјата. Зголемените даноци, опаѓањето на трговијата, гладот и поморот на добитокот, ги натерало македонските селани да се задолжуваат кај лихварите кои земале 10 до 12% месечно камата.[49]

## НАДВОРЕШНАТА И ВНАТРЕШНАТА ТРГОВИЈА ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА

Друг момент на кој ќе го разгледаме влијанието од Долгата депресија е надворешната и внатрешната трговија. Уделот на земјите од западна и централна Европа и од САД во Османлиската надворешна трго-

[44] Лапе 1976, 14.
[45] Лапе 1978, 25.
[46] Лапе 1976, 14.
[47] Историја на Македонскиот народ книга втора 1969, 79-80; Лапе 1978, 25.
[48] Зографски 1978, 161.
[49] Историја на Македонскиот народ книга втора 1969, 79.

вија бил над 70% се до раните 1870-ти години.[50] Со оглед на фактот што овие држави биле и најмногу погодени од економската криза, секако дека тоа негативно се одразило врз Османлиската Империја, а со тоа и врз османлиска Македонија, од која најповеќе се извезувале главно земјоделски производи. Падот на трговијата во османлиска Македонија уште посилно се чувствувал во годините кога имало слаба жетва, за која говоревме погоре. Тоа го забележува и британскиот конзул Блант во еден извештај од 1879 година каде пишува дека имало слаба жетва и „ваквата состојба на работите предизвика голема депресија во повеќето трговски гранки во ова пристаниште (се мисли на солунското Д.Б.)“[51].

Во поглед на османлиска Македонија, анализирајќи ги податоците за увезената и извезената стока од солунското пристаниште, можеме да забележиме драстичен пад во годините по 1873 година. Вредноста на увозот и извозот секако варира од година во година, споредено со 1869 година, но особени драстични падови имаме во годините од 1878 до 1880 година. Во 1878 година имало пад на увозот од 54,26% во споредба со 1869 година, и 44,07% пад на извозот. Наредната година падот на извозот дури и се зголемил во споредба со 1869 година и изнесува 55,73%, а падот на увозот малку се има намалено и изнесувал 34,60%. И во 1880 година падот на извозот е ист како и претходната година, додека падот на увозот е за нијанса зголемен и изнесувал 35,97%. Во овие години дури и трговскиот биланс бележи дефицит (табела 1).

| Година | Извоз | Увоз | Трговски биланс |
|---|---|---|---|
| | (проценти) | | (во милиони франци) |
| 1876 | -15,65 | -28,14 | 3.221.917 |
| 1877 | -7,39 | -29,95 | 6.848.513 |
| 1878 | -54,26 | -44,07 | -4.610.000 |
| 1879 | -55,73 | -34,60 | -8.670.066 |
| 1880 | -55,73 | -35,97 | -8.165.577 |
| 1883 | 4,9 | -18,12 | 6.812.475 |
| 1884 | -0,26 | -6,69 | 687.750 |

Табела 1. Преглед на извозот и увозот од солунското пристаниште во поедини години, во споредба со 1869 година[52]

[50] Pamuk 1984, 109.

[51] Ѓоргиев (ed.) 2003, 561.

[52] Како базна година е земена 1869 година. Од 1850-тите години до 1870-тите години имало главно раст во трговијата и не можевме да земеме како базна година од 1850-тите,




График 1. Преглед на извозот и увозот од солунското пристаниште во поедини години

---

особено не пред Кримската војна (1853-1856). Исто така италијанскиот вице конзул во Солун пишувам дека поморското трговско движење се одржувало на исто рамниште со исклучок на годините 1867 и 1868 година во кои имало раст од прекумерна бројка на извозот на житните производи како резултат на побарувачките направени од Франција, Шпанија и Алжир (Матковски и Ангелакова 1974, 213). Оттука за базна година ја земавме 1869 година, бидејќи ако земевме некоја друга година, податоците можеа да излезат прецeнети, односно потценети.

Во поглед на самите податоци се служевме со податоците за извоз и увоз преку солунското пристаниште, но треба да се нагласи дека од ова пристаниште се вршел извоз и надвор од границите на османлиска Македонија.

Самите податоци треба да се земат со резерва, бидејќи не се најпрецизни и се случуваше за некои години во различни конзуларни извештаи и извори да најдеме различни бројки за проценетата извезена/увезена количина.

Сакаме и да нагласиме дека De Sainte-Marie дава еден преглед на извозот и увозот од Солун од 1864 година до 1884 година (Матковски и Ангелакова 1972, 202b). Меѓутоа оваа табела не ја прикажува реалната извезена и увезна количина бидејќи во неа се вклучени и паричните писма кои според неговиот претходник, конзулот Е. Мале прикажувале само исплатувања и финансиски операции за сметка на државата, и тој ги одземал за да се добие вистинската сума на извезена и увезена количина (Матковски и Ангелакова 1972, 210a). Ние се сложуваме со мислењето на Е. Мале и од овие причини не се служевме со податоците кои ги дава De Sainte-Marie, бидејќи преку овие податоци ќе добиеме една погрешна и прецeнета слика за трговскиот биланс.

Табелата ја составивме од податоците од Матковски и Ангелакова 1972, 210, 215, 221 и 227 a; Матковски и Ангелакова 1972, 208, 209, 218 и 219 b; Матковски и Ангелакова 1974, 213, 214, 226, 227 и 230.

Сепак во поедини години како што можеме да видиме има варијации во извезената и увезената количина и дури состојбата на момент се подобрува. Во 1883 година имало и пораст на извозот од османлиска Македонија за 4,9% во споредба со 1869 година. Ваквата состојба се должи на фактот што Долгата депресија не била обележана со непрекината низа на лоши години во целиот тој период од две децетлетија.[53] На пример за Германија годишните деловни мерења откриваат три циклични надолни движења и тоа 1873-1879 година, 1882-1886 година и 1890-1894 година, како и два интервентни раста во 1879-1882 година и 1886-1889 година.[54] За САД пак, Националното биро за економски истражувања (NBER), професорот Хансен и професорот Шумптер исто така даваат дека овој период бил составен од неколку бизнис циклуса. Банкарска паника во САД се случила во 1873 година, 1884 година и 1893 година, и имало монетарна строгост во 1890 и 1896 година.[55]

| Година | Извоз (во франци) | Увоз | Трговски биланс |
|---|---|---|---|
| 1884 | 31667300 | 42147000 | -10479700 |
| 1885 | 35000000 | 49000000 | -14000000 |
| 1886 | 26230000 | 43000000 | -16770000 |
| 1887 | 25799600 | 34652000 | -8852400 |
| 1888 | 31881500 | 33606510 | -1725010 |
| 1889 | 35800000 | 32100000 | 3700000 |
| 1890 | 41676000 | 42193000 | -517000 |
| 1891 | 51500000 | 43000000 | 8500000 |
| 1892 | 56000000 | 50000000 | 6000000 |
| 1893 | 39000000 | 46000000 | -7000000 |
| 1895 | 25000000 | 27000000 | -2000000 |
| 1907 | 58000000 | 80000000 | -22000000 |
| 1908 | 24300000 | 75000000 | -50700000 |
| 1910 | 83000000 | 120983000 | -37983000 |

Табела 2. Надворешна трговија на Солунскиот вилает[56]

[53] Rosenberg 1943, 61.

[54] Ibid.

[55] Fels 1949, 69.

[56] Податоците се земени од Зографски 1986, 465.




График 2. Надворешна трговија на Солунскиот вилает

Доколку ги погледнеме податоците поединечно за трите вилаети кои ја сочинувале османлиска Мкедонија, за кои располагаме со податоци за увезената и извезената количина во поедини години, повторно можеме да зебележиме извесни падови, со благ раст во некои години. Исклучок претставува 1889 година за Битолскиот вилает каде се забележува голем пораст на извозот, како и 1891 година за Скопскиот вилает каде има голем пораст и на увозот и на извозот, но во наредните години повторно има опаѓање (Табела и График 2; График 3 и 4).

Долгата депресија ја означува решавачка пресвртница во историјата на XIX век за односот помеѓу државата и економијата. Крахот од 1873 година бил „смртен удар" за слободната трговија. По 1873 година владите на сопствена иницијатива или преку притисок одоздола, започнале да ја ликвидираат краткотрајната епизода на внатрешна и надворешна слободна трговија.[57] Властите секако биле склони да ги слушаат интересите на оние кои ги гласале и кои ги повикувале да го заштитат домашното производство од конкуренцијата од увезена стока. Во овие групи луѓе не спаѓале само големиот број на земјоделци, туку и групи на индустријалци кои барале да се минимизира вишокот производство со тоа што барем ќе се заштитат од странскиот увоз.[58] Индустријалците пог-

[57] Rosenberg 1943, 65-66.
[58] Hobsbawm 1989, 38.

решно ја обвинувале интензивираната меѓународна конкуренција како резултат на трговските договори и инсистирале на враќање на протекционистичката политика. Истовремено земјоделците и големите земјосопственици, но и малите земјоделци се обединиле во барањата за враќање на протекционизмот.[59]







График 3 и 4. Надворешна трговија на Битолскиот и Скопскиот вилает[60]

[59] Cameron 1989, 279.

[60] Податоците се земени од Зографски 1986, 465-466.

Во Германија Ото фон Бизмарк во 1879 година дал негово одобрение за нов тарифен закон со кој бил воведен протекционизам и за индустријата и за земјоделството. Ова бил првиот голем чекор кон враќање на протекционизмот. Италија го следела примерот од Германија и се вратила на протекционизмот, особено со диркриминирачка политика кон француските увози. Во Франција во 1881 година бил донесен закон со кој повторно се враќале принципите на протекциноизмот, но тоа не било во целост, и таа продолжила во наредниот период да склучува договори за слободна трговија. Сепак со изборите во 1889 година на власт дошло мнозинство кое се залагало за протекционистичка политика и во 1892 година била донесена така наречената Мелин тарифа со која била вратен протекционизмот и во Франција. Примерот на Германија и Франција бил следен и од други земји кои започнале да ги зголемуваат тарифите. Австроунгарија која и претходно водела протекционистичка политика, но склучила некои трговски договори, набргу се вратила кон ултрапротекционизам. Русија пак, никогаш не се ни вклучила во мрежата на трговски договори, но затоа во 1891 година донела скооро прохибитивна тарифа. САД уште по завршувањето на Граѓанската војна започнала со претекционистичка политика, станувајќи една од најпротекционистичките држави, и останале во голема мера како такви сè до крајот на Втората светска војна.[61] Сепак некои држави како Холандија, Белгија и Данска ја задржале слободната трговија. Данска која била доминантно земјоделска земја започнала да страда од големите увози на евтино жито. Меѓутоа се прилагодила на одгледување на добиток и живина, увезувајќи евтино жито како храна.[62] Од сите големи индустриски земји, само Британија се држела цврсто на неограничената слободна трговија, и покрај повремените предизвици од протекционистите. Тоа било така бидејќи Британија била убедливо најголемиот извозник на индустриски производи и во текот на векот станала сè повеќе извозно ориентирана. Затоа таа останала посветена на економскиот либерализам.[63]

За разлика од западните европски држави Османлиската империја водела сосема спротивна политика. Таа наместо да воведе протекцинозам имала ниски царински стапки од 3%, 5%, 5,3% и 8% на внесената европска стока. Ваквата економска политика довела до преплавување на османлискиот пазар со висококонкурентна индустриска стока. Истовремено наместо да се стимулира домашното производство и изво-

---

[61] Ibid, 279-280

[62] Ibid, 281.

[63] Hobsbawm 1989, 39-40.

зот со премии за извезената стока, била воведена царинска бариера од 1-2% на извезената стока и 12% на опиумот.[64] Ваквата политика за ниски царински стапки на Османлиската империја се должла на трговските договори (капитулациите) наметнати на државата од страна на западните сили, и тие претставувале големо ограничување за развојот на државните приходи. Со постепеното опаѓање на Османлиската држава во светската политика, капитулациите добиле форма на наметнувања со кои се ограничувал суверенитетот на владетелите и истовремено биле инструменти за дискриминација на локалното население. Прво големо ограничување наметнато со капитулациите било што Османлиската влада била лишена од нејзините суверени права да поставува царини на начин што ќе ги максимизира нејзините приходи, додека истовремено ја штити локалната индустрија.[65] Дури во 1907 годна увозната царина била покачена на 11% и тоа со поддршка на Управата за јавниот долг, која ги контролирала и овие приходи согласно Мухаремскиот декрет.[66]

Долгата депресија оставила свои последици и врз панаѓурите во османлиска Македонија. Од сите панаѓури кои се одржувале во Македонија во XIX век по важност и големина се издвојувале панаѓурите во Серес и Прилеп.[67] Белгискиот конзул во Солун во 1860 пишува дека главниот панаѓур во Румелија бил во градот Серес.[68] За разлика од други години кога на панаѓурот во Серес се чувствувал недостиг на простории за сместување на стоката и трговците, во 1876 година биле зафатени само една третина од просториите на турскиот базар, една половина од просториите на новиот базар и околу две третини од просториите на грчкиот базар. Исто така деловните резултати на серскиот панаѓур во 1876 биле многу скудни и дури под предвидувањата и стравувањата на песимистите. И панаѓурот во Прилеп во 1875 година бил послаб во однос на други години.[69] Секако ваквиот пад на панаѓурите во османлиска Македонија се должел во голема мера на Долгата депресија. Од 1876 панаѓурите во Прилеп и во Серес дури престанале и да се одржуваат, а прекинал да се одржува и најголемиот панаѓур во Европска Турција во Узунџово.[70]

[64] Димески 1979, 84.
[65] Birdal 2010, 19-20.
[66] Ibid, 21.
[67] Зографски 1986, 341; Историја на Македонскиот народ книга втора 1969, 81.
[68] Матковски и Ангелакова 1971, 1971.
[69] Зографски 1986, 349; 362.
[70] Во Историјата на Македонскиот народ како причина поради која прекинале да се одржуваат најголемите два панаѓура во османлиска Македонија се наведува дека биле

По Берлинскиот конгрес ситуацијата во османлиска Македонија и воопшто во Османлиската империја уште повеќе се искомплицирала. Со одлуките на конгресот територијата на Европска Турција се намалила од 372.000 км$^2$ во 1876 година на 168.563 км$^2$ во 1883 година,[71] што е за речиси 55% намалување на територијата. Ова намалување на територијата довело до намалување на внатрешните пазари за пласирање на производите од османлиска Македонија, што дополнително се одразило за влошување на економската ситуација во османлиска Македонија. Дополнително со смалувањето на територијата на Османлиската Империја се намалиле приходите во државниот буџет, и државата сакајќи да ги компензира загубените приходи започнала со континуиран пораст на даноците.[72] На овој начин се зголемувал даночниот товар врз населението кое останале под османлиска власт. Со оглед на фактот што османлиска Македонија по 1883 година сочинувала 40%[73] од територијата на Европска Турција, нејзиното население сносело голем даночен товар.

---

засилената несигурност по патиштата и поради неродните години од кои стагнирала трговијата (Историја на Македонскиот народ книга втора 1969, 81). Сепак ова да е главна причина не е потполно издржано, бидејќи грабежи по патиштата и несигурност имало и претходно, додека пак, слаба жетва би довела до опаѓање на трговијата во поедини години, а не до целосен прекин на панаѓурите. Данчо Зографски пак, за главните причини кои му задале удар на панаѓурот во Серес ги смета настанатото револуционерно движење и востанички движења во Македонија и на Балканот, Руско-Турската војна и извршените територијални промени (Зографски 1986, 350), што е неспорно дека задале удар на панаѓурот, но повторно не се главната причина поради која панаѓурот прекинал да се одржува. Зографски повторно и за прилепскиот панаѓур зашто тој бил послаб во 1875 година во однос на други години, како главна причина ги наведува немирите во Европска Турција и Босанско-херцеговското востание. Како останати прични тој ги наведува и економските фкатори, во прв ред продирањето на европскиот капитализам и на странската конкуренција (Зографски 1986, 362). Овие фактори секако дека имале удел во опаѓањето на панаѓурите во османлиска Македонија, но не се главната причина поради кои панаѓурите прекинале да се одржуваат. Особено за слабиот резултат на прилепскиот панаѓур уште во 1875 година, кога состојбата во однос на востанијата сè уште не била заострена толку, така што сметаме дека главните причини поради кои имало голем пад на панаѓурите во османлиска Македонија и пошироко треба да се бараат во економските фактори, пред сè во Долгата депресија.

[71] Димески 1979, 92.

[72] Ibid, 91.

[73] Најприфатлива проценка е дека Македонија опфаќа територија од 67.741,2 км$^2$ (Македонија како природна и економска целина 1978, 23; Историја на македонскиот народ книга прва 1969, 9).

## ОСТАНАТИ ПОСЛЕДИЦИ ОД ДОЛГАТА ДЕПРЕСИЈА

Долгата депресија непосредно и посредно довела до масовно осиромашување на народот во османлиска Македонија. Во една книга за учебното дело во градот Велес е наведено дека после Руско-турската војна, општественото дело во Велес претрпело тешка криза, а причините за тоа лежеле пред сѐ во големото осиромашување на народот и како второ иселувањето на интелигнецијата. Исто така е наведено дека од претходната трговија останало само сенка, а од интелигенцијата која се иселувала ниту сенка.[74] Таквата ситуација придонела и училиштата да ја осетат кризата. Општината осиромашила и немала пари за да ги плаќа учителите. Требало да се собира училишен данок од граѓаните, но тие биле сирамси и обидите се покажале неуспешни. Поради немањето на средства имало и предлози да се затворат класовите и да останат само одделенијата, но поради противењето на мнозинството не дошло до тоа. Сепак поради недостигот на пари, платите на учителите биле сведени на минимум. Главниот учител требал да зема плата не повеќе од 35 турски лири годишно (сегашна вредност 2.914 фунти), а платата на некои учители од одделенијата не надминувала 6-8 турски лири (сегашна вредност 499-666 фунти). Како резултат на кризата и бројот на ученици се намалил драстично. Според Чочков во Велес немало половина од учениците кои ги имало пред војната. Родителите барале за своите деца каква било работа за да заработуваат за живот.[75] Положбата во градот започнала да се подобрува дури од 1888 година,[76] односно тоа е периодот кога Долгата депресија веќе била во опаѓање и економската ситуација започнала да се подобрува, но во 1890-тите во поеднини години повторно дошло до влошување на ситуацијата.

Британскиот конзул Џон Лонгворт во 1857 година пишува дека познавал повеќе трговци од Битола кои купувале обврзници од странските берзи во Виена.[77] Несомнено е дека ваквата практика за инвестирање на капитал на македонските трговци на странски берзи продолжила и во наредните десетлетија. Меѓутоа со крахот на берзата во Виена, овие трговци директно настрадале и ги изгубиле своите пари. За жал не располагаме со подетални информации за да видиме колкав капитал

---

[74] Чочковъ 1929, 33.

[75] Ibid, 33-34.

[76] Ibid, 34.

[77] Ѓоргиев (ed.) 2003, 97.

имале инвестирано тие во обврзници и други хартии од вредност, и колку изгубиле поради Долгата депресија.

Економската криза во османлиска Македонија во 1896 година ја забележал и Даме Груев во едно писмо до Андреј Љапчев каде запишал:

> Долж целата земја владее можеби до сега невидена економ[ска] криза. Безработицата царува по сите страни. Во многу места веќе е пројавен вистински глад во буквална смисла. И верувај, Андреј, еј Богу, никакво преувеличување не си допуштам во тоа. Како што ме уверуваа некои блиски, безделништвото дошло до таков размер, што само од нашиот град биле подадени неколку колективни барања до валијата со кои го повикувале да се погрижи за нивно поставување на какви било работи. За селата не прашувај, а пак за внатрешноста не треба ни да се загатнува. Големо очајување ги обзело луѓето, па кој знае каде ќе му излезе крајот. Тука трговијата спие доволно безнадежно за соживување; трговец од внатрешноста едноставно нема ни за иљач човек да бара.[78]

Како една посредна последица од Долгата депресија во османлиска Македонија е и зголемувањето на разбојништвото. Од 1876 година па натаму уште повеќе се засилувало арамиството, грабежите и убиствата, кои ги имало и претходно.[79] Секако дека ваквата состојба била предизвикана од анархичната состојба во државата, востанијата кои биле дигнати и војните кои ги водела Османлиската Империја во овој перидот. Сепак тука не треба да се заборави и економско-социјалниот фактор, бидејќи во услови на економска криза, кога народот немал основни средства за егзистенција се преминува и на грабеж и разбојништво. Ваквата ситуација со зголемувањето на грабежите, доплнително влијаело на тоа трговијата да опаѓа, такашто некои од причините и последиците од Долгата депресија се надоврзувале едни на други и со тоа уште повеќе се влошувала целата ситуација.

## ДОЛГАТА ДЕПРЕСИЈА И ВОСТАНИЈАТА ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА

Во контекст на сето погоре кажано во голема мера и Источна криза која започнала со востанието во Босна и Херцеговина, како и Разловечкото и Кресненското востание во османлиска Македонија, биле предизвикани од Долгата депресија која започнала во 1873 година. Гла-

---

[78] Ѓорѓиев 2013, 98-99.
[79] Зографски 1978, 162.

дот и сиромаштијата е она што ги крева луѓето на револт и востанија. Буните и востанијата како резултат на Долгата депресија не биле изолиран случај само на Балканот. Како што споменавме погоре поттикнати од тешката економска положба во периодот од 1879 до 1894 година се појавиле револти на селаните во Ирска, Шпанија, Сицилија и Романија.[80] Секако дека за избувнување на востанијата во османлиска Македонија, но и на Балканот не треба да се исклучуваат и другите политички и социјални фактори. Меѓутоа како еден главен тригер за подигнатите востанија послужила Долгата депресија. Во однос на другите социјални и политички фактори, повторно и од нив голем број посредно биле предизвикани и биле последица од економската криза која имала светски рамки и се прелеала и во Османлиската Империја, а со тоа и врз османлиска Македонија.

На прашањето пак, зошто баш во Разловечко се кренало востанието одговорот е бидејќи Пијанец и Малешевско се претежно планински регион, населението таму главно се занимавало со сточарство и овоштарство, пред сѐ со производство на суви сливи кои се продавале на солунскиот пазар.[81] Поради тоа ситуацијата настаната од Долгата депресија, и особено сушите од 1874 и 1875 година и поморот на добитокот најмногу ги погодило планинските региони. Секако тука е и личноста на главниот организатор на востанието Димитар Поп Георгиев Беровски. Така што, сите овие фактори и прични заедно придонеле токму Пијанечко-малешевскиот крај да биде местото каде било дигнато Разловечкото востание.

Како една од причините и за кревање на Македонското (Кресненско) востание во 1878 година повторно била и влошената економска положба, предизвикана посредно и непосредно од Долгата депресија. Иако за ова востание причини биле и настанатата политичка ситуација, војните и востанијата против Османлиската држава, одлуките на Берлинскиот конгрес и слично, сепак тука е и економската и социјалната положба на населението во османлиска Македонија. Во екот на Источната криза и османлиските порази, положбата на христијанското население во османлиска Македонија станала неиздржлива. Од една страна во Македонија пристигнала голема маса на муслимански бегалци од Босна и Херцеговина, Србија и Бугарија таканаречени мухаџири кои станале тежок економски товар за македонските села и градови, бидејќи

[80] Hobsbawm 1989, 36.
[81] Лапе 1976, 22.

тие биле честопати останати без најосновните средства за живот.[82] Од друга страна за влошување на економската положба на населението придонеле и крстосувачките војски и башибозук кои ги уништувале или земале без малку сите продукти од селаните.[83] Тука се и даноците собирани за неколку години однапред,[84] кои биле собирани на овој начин поради тешката положба во која се нашла Османлиската држава поради економската криза, но и поради војните кои се воделе. Во Историјата на Македонскиот народ главните причини за кревањето на Македонското востание велат дека се криеле во грубата експлоатација и нечовечната управа на трускиот режим.[85] Меѓутоа сето ова било продукт на една верижна реакција која била предизвикна од Долгата депресија која започнала во САД и Средна Европа, се проширила и врз Османлиската Империја каде оставила далекусежни последици, а со тоа и врз османлиска Македонија како дел од Османлиската држава.

## БИБЛИОГРАФИЈА

### ОБЈАВЕНИ ИЗВОРИ


Бѣлѣжки за търговията и индустрията на Македония, *Български прѣгледъ. Списание за наука, литература и общественъ животъ*, година II, книга IV-V (1895), pp. 86-110.

Ѓоргиев, Д. (ed.). *Британски документи за историјата на Македонија (1857-1885)*, Т. 4. Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2003.

Ѓорѓиев, В. *ВМРО 1893-1903 поглед низ документи*. Матица македонска, Скопје, 2013.

Матковски, А. и П. Ангелакова. „Извештаи на белгиските конзули испраќани од Солун (од 13.IV.1859 до 8 август 1871 г.)", *Гланик на Институтот за национална историја*, година XV, бр. 3 (1971), pp. 225-246.

Матковски, А. и П. Ангелакова. „Извештај на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година", *Гланик на Институтот за национална историја*, година XVI, бр. 1 (1972), pp. 209-244.

Матковски, А. и П. Ангелакова. „Извештај на францускиот конзул од Солун од 1883–1885 година", *Гланик на Институтот за национална историја*, година XVI, бр. 2 (1972), pp. 201-242.


---

[82] Историја на Македонскиот народ 1969, 93-94; Минов 2015, 158.

[83] Минов 2015, 158.

[84] Ibid.

[85] Историја на Македонскиот народ 1969, 95.

Матковски, А. и П. Ангелакова. „Извештаи на италијанските конзули од Солун и Кавала од 1870 до 1881 година“, *Гланик на Институтот за национална историја*, година XVIII, бр. 2 (1974), pp. 211-236.

## ВЕСНИЦИ

Clarke, H. „Agriculture in Chili and in Turkey“, *Journal of the society of arts*, No. 1705, Vol. XXXIII (1885) pp. 926.

## ЛИТЕРАТУРА

Бужаровски, Д. „ Значењето на афионот за економијата на османлиска Македонија“. In *Историја. Journal of History*, год. LVII, број 1 (2022), pp. 95-123.

Димески, Д. „Општествено-економските прилики во Македонија (1878—1903)“. In *Историја. Списание на сојузот на друштва на историчарите на СР Македонија*, год. XV, број 2 (1979), pp. 81-103.

Зографски, Д. „Стопанското потчинување на балканските земји од европските капиталисти во последната четвртина на XIX век“, *Гланик на Институтот за национална историја*, година XVIII, бр. 2 (1974), pp. 7-22.

Зографски, Д. „Причините и насоките на превирањата за време на источната криза“. In Апостолски, М. (ed.), *Македонија во источната криза 1875-1881*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1978, pp. 159-166.

Зографски, Д. *Економски текови и промени, одбрани дела*, втора книга. Наша книга, Скопје, 1986.

*Историја на Македонскиот народ, книга прва.* НИП „Нова Македонија“, Скопје, 1969.

*Историја на Македонскиот народ, книга втора.* НИП „Нова Македонија“, Скопје, 1969.

Јовановски, Д. „Разловечкото востание (1876)“. In Дуев, Р. (ed.), *Востанијата во Македонија*, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015, pp. 143-155.

Лапе, Љ. *Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски.* Институт за национална историја, Скопје, 1976.

Лапе, Љ. „Внатрешната положба во Македонија за време на Источната криза“. In Апостолски, М. (ed.), *Македонија во источната криза 1875-1881*, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 1978, pp. 23-49.

*Македонија како природна и економска целина.* Институт за национална историја, Skopje, 1978.

Минов, Н. „Македонското востание (1878–1879)“. In Дуев, Р. (ed.), Востанијата во Македонија, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015, pp. 157-175.

Нoневъ, Б. „Македонскиятъ въпросъ въ зората на нашето Освобождение“, *Отец Паисий,* год. XV, кн. IX-X (1942), pp. 398-404.

Чочковъ, Х. Градъ Велесъ. *Учебното дѣло до революционит? борби.* София, 1929.

Abdioğlu, H. „ The Ottoman Public Debt Administration (OPDA) in Debt Process of Ottoman Empire“. Conference paper, 2018. https://www.researchgate.net/publication/329809070_The_Ottoman_Public_Debt_Administration_OPDA_in_Debt_Process_of_Ottoman_Empire

Birdal, M. *The Political Economy of Ottoman Public Debt. Insolvency and European Financial Control in the Late Nineteenth Century*. Tauris Academic Studies, London, New York, 2010.

Cameron, R. *A Concise Economic History of the World from Paleolithic Times to the Present.* Oxford University Press, Oxford, 1989.

Fels, R. „ The Long-Wave Depression, 1873-97“. In *The Review of Economics and Statistics*, 1949, pp. 69-73

Hobsbawm, J. E. *The Age of Empire 1875-1914*. New York, 1989.

Pamuk, Ş. „The Ottoman Empire in the "Great Depression" of 1873-1896“. In *The journal of Economic History*, vol.44, No.1, 1984, pp. 107-118.

Rosenberg, H. „Political and Social Consequences of the Great Depression of 1873-1896 in Central Europe“. In *The Economic History Review*, 1943, pp. 58-73

Stolz, A. D. „ 'Impossible to provide an accurate estimate': the interested calculation of the Ottoman public debt, 1875–1881“. In *The British Journal for the History of Science*, 55, 2022, pp. 477-493.

Wells, V. O. „ The Depression of 1873-79“. In *Agricultural History*, 1937, pp. 237-251.

Damjan Buzharovski
Professor of History

## THE IMPACT AND CONSEQUENCES OF THE LONG DEPRESSION (1873–1890s) ON OTTOMAN MACEDONIA

(summary)

The period from 1873 until the 1890s is known among economists and economic historians as the Great or Long Depression. In 1873, after an economic boom lasting several years, financial panic occurred in both New York and Vienna and quickly spread to most industrial or industrializing nations. This economic crisis was easily transmitted to the Ottoman Empire, which was indebted at the Western credit markets, but also had other economic interactions with them, such as foreign trade, etc. Hence, the Long Depression left great consequences on Ottoman Macedonia as well. The greatest consequences of the Long Depression were felt in agriculture, and some branches of it were the most depressed sectors of the economy. World wheat prices fell by more than 60% between 1873 and 1894. Considering that the population in Ottoman Macedonia was mostly engaged in agriculture (nearly 80% of the Macedonian population was engaged in agriculture), the drop in prices left a strong effect. Additionally, since grains were the main product and the most important item for export from Ottoman Macedonia, the fall in the price of grains

certainly affected the peasants in Ottoman Macedonia. Furthermore, the share of countries from Western and Central Europe and the United States in Ottoman foreign trade was over 70% until the early 1870s. Given the fact that these countries were the most affected by the economic crisis, of course it had a negative impact on Ottoman Macedonia as well. Analyzing the data on imported and exported goods from the Thessaloniki port, we can notice a drastic decline in the years after 1873. The crisis was also reflected in the decline of internal trade. The two most significant fairs in Ottoman Macedonia, the fairs in Seres and Prilep had declining results during this period, and from 1876 they even stopped being held. This world economic crisis led to massive impoverishment of the population in Ottoman Macedonia. The consequences of that were also felt in education as well. In Veles, the municipality became impoverished and had no money to pay the teachers. Furthermore, in this period, the Great Eastern Crisis also began in the Balkans, and the Razlovci and Macedonian (Kresna) uprisings were raised in Ottoman Macedonia. Hunger and poverty are raising masses to revolt and uprisings. Although the uprisings in Ottoman Macedonia were caused by a series of economic, social, and political factors, the Long Depression served as one of the main triggers for the uprisings. In relation to other social and political factors, again, many of them were indirectly caused and were a consequence of the economic crisis that had a global scope and overflowed into the Ottoman Empire, and thus also on to Ottoman Macedonia.